РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 03-125
15.04. 2022 година
Скопје

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во врска со член 53 став 5 и став 17 алинеја 2 од истиот Закон, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1281/1 од 29.03.2022 година и Заклучокот арх.бр.02-1682/6 од 15.04.2022 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 15-та седница одржана на 15.04.2022 година, го донесе следното:

## Решение
## за преземање мерка – јавна опомена

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво (ТРД) КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 53 став 5 и став 17 алинеја 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ), на начин што во рамките на својот телевизиски програмски сервис на 21-ви, 22-ри и 23-ти февруари 2022 г., емитувани се рекламен спот и телешопинг спот за „Бронхо протект-500мл." и телешопинг спот за „Диабетол форте-30 капсули", од операторот со храна „Натура терапи" ДООЕЛ Скопје, во кои лажно се претставуваат природата и карактеристиките на производите, односно аудиовизуелните комерцијални комуникации се невистинити и нечесни, со што ја заведуваат јавноста и се против интересите на потрошувачите.

   Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1281/1 од 29.03.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, веднаш по приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

## Образложение

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗААВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена

повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот закон, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 53 став 5 од ЗАВМУ, забранети се аудиовизуелни комерцијални комуникации со кои лажно ќе се претставува природата, карактеристиките, квалитетот или географското потекло на производите, услугите или комерцијалните дејности. Во член 53 став 17 алинеја 2 пропишано е дека аудиовизуелните комерцијални комуникации треба да бидат вистинити и чесни, да не ја заведуваат јавноста и да не се против интересите на потрошувачите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 28-ми март 2022 г., изврши вонреден програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21-ви, 22-ри и 23-ти февруари 2022 г., на државно ниво, при што констатираше прекршување на член 53 став 5 и став 17 алинеја 2 од ЗАВМУ. Вонредниот надзор беше реализиран по известувања од Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) за незаконски аудиовизуелни комерцијални комуникации за додатоци во исхрана, а во рамки на Меморандумот за соработка меѓу АВМУ и АХВ, склучен на 14.04.2021 г.

Прекршувањето е направено на начин што во рекламниот спот и телешопинг спотот за додатокот во исхрана „Бронхо протект - 500мл." („Broncho protect-500ml.") и за храната со посебна нутритивна намена за медицински цели, „Диабетол форте – 30 капсули" („Diabetol forte"), на операторот со храна „Натура терапи" ДООЕЛ Скопје, повеќепати емитувани на 21-ви, 22-ри и 23-ти февруари 2022 г., се користени визуелни материјали и вербални искази што сугерираат здравствени и/или нутритивни тврдења, како и декларации за производите што не се одобрени од Агенцијата за храна и ветеринарство. Со рекламниот спот и телешопинг спотовите лажно се претставуваат природата и карактеристиките на производите „Бронхо протект - 500мл." и „Диабетол форте – 30 капсули", односно тие не се вистинити и чесни, ја заведуваат јавноста и се против интересите на потрошувачите.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1281/1 од 29.03.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1. Констатациите во Извештајот се базирани на стручната анализа врз видовите аудиовизуелни комерцијални комуникации регистрирани со мониторингот на овој програмски сервис, изработена од Агенцијата за храна и ветеринарство, како надлежен орган за вршење на работите од областа на безбедноста на храна (наш арх.бр.03-1183/1 од 24.03.2022г.), дадена во прилог на Писмениот извештај.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје на 29.03.2022 г., испрати Допис наш Уп1 бр.10-1281/2 од 29.03.2022 г., со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1281/1 од 29.03.2022 г., со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ. Во предвидениот рок, ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 15.04.2022 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 53 став 5 и став 17 алинеја 2 од истиот Закон, точка 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1281/1 од 29.03.2022 г. и Заклучокот арх.бр. 02-1682/6 од 15.04.2022 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 15.04.2022 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје и му се наложува, веднаш по приемот на Решението, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-1281/1 од 29.03.2022 година.

**Доставено до:**

-ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
-Управителот на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
-Одговорното лице на програмата во ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
-Секторот за правни работи и јавни набавки;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

| Примено / Primeni: 29.03.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 1281 | 1 | |

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на членот 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден, по известувања од Агенцијата за храна и ветеринарство (АХВ) за незаконски аудиовизуелни комерцијални комуникации за додатоци во исхрана, а во рамки на Меморандумот за соработка меѓу АВМУ и АХВ, склучен на 14.04.2021 година;
2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;
3. **Период опфатен со надзорот:** 21, 22 и 23 февруари 2022 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 28 март 2022 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 53 ставови 5 и 17 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (*забрана за лажно претставување производи и услуги, и за невистинити и нечесни аудиовизуелни комерцијални комуникации*);
6. **Претходно изречена мерка[1]: /**
7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор врз програмскиот сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 21, 22 и 23 февруари 2022 година, на државно ниво,

[1] Не се изречени мерки, но на овој Извештај му претходеа:

- Известување од АВМУ до ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје за противзаконски аудиовизуелни комерцијални комуникации за Broncho protect 500 ml (Бронхо протект), произведен од Натура Терапи ДООЕЛ Скопје, бр. 03-638/3 од 15.02.2022 година;
- Известување од АВМУ до сите радиодифузери за противзаконско рекламирање на Дијабетол Форте, произведен од Натура Терапи ДООЕЛ Скопје, бр. 03-4209/4 од 01.12.2021 година;
- Известување од АВМУ до сите радиодифузери за противзаконско рекламирање на Дијабетол Форте, произведен од Натура Терапи ДООЕЛ Скопје, бр. 03-4209/2 од 23.11.2021 година.

**констатирано е прекршување на член 53 став 5** (*Забранети се аудиовизуелни комерцијални комуникации со кои лажно ќе се претставува природата, карактеристиките, квалитетот или географското потекло на производите, услугите или комерцијалните дејности*) **и став 17 алинеја 2** (*Аудиовизуелните комерцијални комуникации треба да бидат: вистинити и чесни, да не ја заведуваат јавноста и да не се против интересите на потрошувачите*) **од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Во рекламниот спот и телешопинг спотот за додатокот во исхрана „Бронхо протект-500 мл." („Broncho Protect – 500 ml.") и за храната со посебна нутритивна намена за медицински цели, „Диабетол форте-30 капсули" („Diabetol Forte"), на операторот со храна „Натура терапи" ДООЕЛ Скопје, повеќепати емитувани на 21, 22 и 23 февруари 2022 година, се користени визуелни материјали и вербални искази што сугерираат здравствени и/или нутритивни тврдења, како и декларации за производите што не се одобрени од Агенцијата за храна и ветеринарство. Со рекламниот спот и телешопинг спотовите лажно се претставуваат природата и карактеристиките на производите „Бронхо протект-500 мл." и „Диабетол форте-30 капсули", односно тие не се вистинити и чесни, ја заведуваат јавноста и се против интересите на потрошувачите.

Констатациите во Извештајов се базирани на стручната анализа врз видовите аудиовизуелни комерцијални комуникации регистрирани со мониторингот на овој програмски сервис, изработена од Агенцијата за храна и ветеринарство, како надлежен орган за вршење на работите од областа на безбедноста на храна (дадена во прилог - наш арх. бр. 03–1183/1 од 24.03.2022 г.).

| Опис на содржината | Датум | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | почеток | крај |
| „Bronho Protect" - 500 ml рекламен спот | 21 февруари | 11:18:48 | 11:19:09 |
| | | 12:54:03 | 12:54:24 |
| | | 14:51:27 | 14:51:48 |
| | | 20:17:42 | 20:18:03 |
| | | | |
| | 22 февруари | 9:50:49 | 9:51:10 |
| | | 12:50:47 | 12:51:08 |
| | | 17:46:12 | 17:46:32 |
| | | | |
| | 23 февруари | 10:50:30 | 10:50:51 |
| | | 12:54:33 | 12:54:54 |
| | | 14:50:29 | 14:50:49 |
| | | 18:37:47 | 18:38:08 |

| Опис на содржината | Датум | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | почеток | крај |
| „Bronho Protect" - 500 ml телешопинг спот | 21 февруари | 10:52:53 | 10:57:11 |
| | | 12:43:59 | 12:48:17 |
| | | | |
| | 22 февруари | 10:53:10 | 10:57:29 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | 12:41:13 | 12:45:31 |
| | | | |
| | 23 февруари | 8:50:34 | 8:54:54 |
| | | 10:54:06 | 10:58:25 |
| | | 12:44:58 | 12:49:17 |

| Опис на содржината | Датум | Период на емитување | |
|---|---|---|---|
| | | почеток | крај |
| „Diabetol Forte“ - телешопинг спот | 21 февруари | 9:47:34 | 9:52:37 |
| | | 11:19:34 | 11:22:05 |
| | | 12:48:48 | 12:53:51 |
| | | 14:53:20 | 14:55:51 |
| | | | |
| | 22 февруари | 9:52:02 | 9:57:04 |
| | | 11:17:10 | 11:19:40 |
| | | 12:45:31 | 12:50:34 |
| | | 14:55:36 | 14:58:06 |
| | | | |
| | 23 февруари | 8:54:54 | 8:58:24 |
| | | 9:41:57 | 09:47:00 |
| | | 11:18:21 | 11:20:51 |
| | | 11:20:51 | 11:23:22 |
| | | 12:49:17 | 12:54:20 |
| | | 14:55:41 | 14:58:11 |

8. **Опис на прекршувањето: /**

**Спротивно на членот 53 став 5 и став 17 алинеја 2** од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на телевизискиот програмски сервис на ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, на 21, 22 и 23 февруари 2022 година, **емитувани се рекламен спот и телешопинг спот за „Бронхо протект-500 мл.“, и телешопинг спот за „Диабетол форте-30 капсули“, од операторот со храна „Натура терапи“ ДООЕЛ Скопје, во кои лажно се претставуваат природата и карактеристиките на производите, односно аудиовизуелните комерцијални комуникации се невистинити и нечесни, со што ја заведуваат јавноста и се против интересите на потрошувачите.**

9. **Предлог мерка:**

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, и согласно со точката 4 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи - веднаш по приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*

Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Бр. 23-10[illegible]/1
[illegible].03.2022 год

III Македонска бригада бр.20
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел. (02) 2 457 895
Факс: (02) 2 457 893
Е-пошта: info@fva.gov.mk
Сајт: www.fva.gov.mk

До:
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Северна Македонија
ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

| Примено: 24-03-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1183 | 1 | |

Предмет: Анализа

Почитувани,

Согласно Ваше барање, Агенцијата за храна и ветеринарство, направи стручна анализа на рекламни спотови и комерцијални презентации од операторот Натура Терапи ДООЕЛ Скопје, при што констатирано е дека операторот Натура Терапи врши несоодветно претставување на производи на телевиски канали и тоа:

1. Производ: Broncho Protect – 500 ml, производител Натура Терапи ДООЕЛ Скопје
Производот се рекламира, презентира и претставува на телевиски канал Сител и Канал 5.
1.1. Во комерцијална презентација фолдер Kanal 5 I Sitel – Bronho protect, (Ваше ЦД), под број 2 означен како Bronho P. (dr.Biljana Poposka) во времетраење од 0:04:06.
- На 0:00:13 - се користат визуелни елементи - видеа од луѓе кои се болни и кашлаат.
- На 0:01:04 - вербален исказ -цитат – "затоа Ви го преставуваме Бронхо протект, хербален препарат со уникатни растителни екстракти и витамини за заштита и одржување на функцијата на белите дробови и органите за дишење во целина."
✓ здравственото тврдење заштита и одржување на функцијата на белите дробови и органите за дишење во целина, НЕ Е одобрено од Агенција за храна и ветеринарство.
✓ Согласно член 30а став 2 од Закон за безбедност на храна општите здравствени тврдења, како и здравствените тврдења за намалување на ризикот од болест и здравствени тврдења може да се истакнат во комерцијални цели во означувањето, презентирањето или рекламирањето на производите само ако се ОДОБРЕНИ од Агенцијата.

- На 0:01:40 од страна на асистент Др.Билјана Попоска производот е претставен како:

Вербален исказ – цитирам "хербален препарат."

✓ Производот во Агенција за храна и ветеринарство е регистриран како додаток на исхрана.

Вербални искази на Др. Билјана Попоска – цитирам:

-"Заштита и одржување на функцијата на белите дробови и органите за дишење во целина".

"Бронхо протект содржи внимателно одбрани состојки кои комплементарно помагаат да се одржи функцијата и здравјето на органите за дишење."

"Да се заштитат белите дробови, да се одржи нивната функција и да се подобри имунитетот на организмот"

✓ Здравствени тврдења кои НЕ СЕ одобрени од Агенцијата за храна и ветеринарство.

✓ Согласно член 30а став 2 од Закон за безбедност на храна општите здравствени тврдења, како и здравствените тврдења за намалување на ризикот од болест и здравствени тврдења може да се истакнат во комерцијални цели во означувањето, презентирањето или рекламирањето на производите само ако се ОДОБРЕНИ од Агенцијата.

✓ Прекршен член 30 од ЗБХ став 2 точка 5: *„слики на лица во професионална медицинска облека или при изведување на лекарска професија или промет со лекови*

- На 0:02:50 изјава на трето лице

Вербални искази – цитирам: Неодамна имав воспаление на белите дробови, имав силна иритирачка кашлица, недостаток на здив и енергија. По препорака на докторката почнав да го пијам сирупот Бронхо протект. По неколку дена ми се смири кашлицата, многу подобро се чувствувам, имам многу сила и енергија.

✓ Прекршен членот 30 од ЗБХ, став 2, точка 1: *„изјави што се однесуваат на отстранување, намалување или спречување на болести"*

*Недозволените изјави се подвлечени во текстот.*

- На 0:03:09 Нутриционист Сашо Дрвошански:

Вербални искази - цитирам: "Растителните екстракти во состав на Бронхо протект се испитувани и имаат научно докажани здравствени придобивки. Тие содржат биоактивни молекули како што се актеозид и лутеолин во екстрактот од кинески

тегавец, тимогвинон во екстрактот од црно семе, кумарин, генодермна киселина, бета глукан во ектракт од реиши, рузмаринска киселина во екстракт од рузмарин, куркуминоиди во екстрактот од куркума кои заедно со цитрусните биофлавоноиди помагаат да се спречи развојот на воспаленија на белите дробови, да се намали продукцијата на секрет, да се разводни и полесно да се елиминира секретот, да се заштитат клетките на белите дробови од оштетување и да се зајакнат ѕидовите на капиларите во алвеолите на тој начин се помага да се одржи добрата функција на органите за дишење".

✓ Прекршен членот 30 од ЗБХ, став 2, точка 1: „*изјави што се однесуваат на отстранување, намалување или спречување на болести*".

*Недозволените изјави се подвлечени во текстот.*

1.2. Рекламен спот бр.3 (Ваше ЦД), означен како Bronho protect (rekl.20) во времетраење од 0:00:22

- На 0:00:01 -визуелни елементи – видеа од луѓе кои се болни и кашлаат

- На 0:00:11 -вербален исказ – цитат:
"Уникатна комбинација на билни екстракти и витамини за заштита и одржување на функцијата на органите за дишење"

✓ Здравствено тврдење за кое нема одобрение од АХВ

На 0:00:15 -визуелен елемент – напишан текст до производот: производот е формулиран по препорака на докторите.

✓ Согласно Правилникот за нутритивни и здравствени тврдења во комерцијални цели при означување, презентација и рекламирање на храната („Сл. весник на РМ" бр.65/2013), во член 19 во однос на ограничувања на употреба на одредени здравствени тврдења јасно е наведено дека НЕ МОЖАТ ДА СЕ ИСТАКНАТ тврдења кои упатуваат на препораки на одделни лекари или здравствени професионалци.

2. Производ Diabetol Forte – 30 капсули, производител Натура Терапи ДООЕЛ Скопје

Производот се рекламира, презентира и претставува на телевиски канал Сител и Канал 5.

Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Во фолдер Реклами на Н.Т. и други рекл., (Ваше ЦД), комерцијална презентација број 7 означен како Diabetol Forte, во времетраење од 0:04:26.

- На 0:01:40, Марин Бабиќ го претставува производот:

Вербален исказ – цитирам "прв и единствен додаток на исхраната со алфалипоична киселина, екстракт од горчлива диња-карела и цимет и минералите цинк и хром"

Во Агенција за храна и ветеринарство производот Диабетол Форте е регистриран како храна со посебна нутритивна намена за медицинска цели а на означувањето (декларација на производот) стои – храна за посебни медицински намени за диететско регулирање на Дијабетис мелитус (нарушување на метаболизмот на јаглехидратите)

✓ Прекршен член 29 став 3 од Закон за безбедност на храна:

<u>Означувањето, рекламирањето и презентацијата на храната и храната за животни, вклучувајќи го и нивниот облик, изглед или пакување, материјалот кој се користи за пакување, начинот на кој се подготвени и прикажани, како и информациите кои се достапни преку сите медиуми треба да се во согласност со декларацијата, упатството за употреба и начинот на чување и не смеат да ги доведат потрошувачите во заблуда.</u>

Со почит,

в.д Директор
Николче Бабовски

Одобрил:Ванчо Новоселски
Одобрил: Блажо Јаневски
Одобрил: Оливер Миланов

ДОСТАВЕНО ДО:
- АВМУ
- Архива на АХВ

qualityaustria
SYSTEM CERTIFIED
ISO 9001:2015 No.18184/0
ОБ 7.5.3-06в03